

Скопскиот аеродром „Александар Велики“ е најдобар во Европа во категоријата до два милиони патници годишно за 2012 година. Наградата, во конкуренција на 275 аеродроми, ја додели Меѓународниот аеродромски совет, врз основа на одговори на патниците во формуларите за испитување на квалитетот на аеродромските услуги.

Главниот оперативен директор на концесионерот на македонските аеродорми, холдингот „ТАВ аеродроми“, Мурат Орнекол денеска на прес-конференција истакна дека нивната компанија е почестена од престижната награда за скопскиот аеродром кој, како што рече, беше одново изграден и почна да дава услуги за многу кратко време, што се засновало на нивното знаење и искуство.

По резултатите што ги постигнале во изминатата година и половина колку што управуваат со аеродромите, следна цел за оваа година, според Орнекол, е бројот на патници преку скопскиот аеродром да достигне милион. На крајот на минатата година преку аеродромот во Скопје се превезени 906.871 патник. Од 2009 година до 2012 година бројот на патници што се превезени преку аеродромот во Скопје е зголемен за 17,5 проценти. Моментно преку „Александар Велики“ се сообраќа кон 20 дестинации, а од мај ќе се отвори и линија со Стокхолм. Со тие дестинации, оцени Орнекол, Скопје е поврзано со поголемиот дел од Европа, а преку Истанбул и до секое друго место во светот.

Најфреквентен датум на аеродромот лани според бројот на летови е 23 декември кога се реализирани 46, а според бројот на патници 4 август, со 4.746 патници. Најмногу патници во 2012 година превезле авиокомпаниите Виз Ер, Туркиш Ерлајнс и Аустријан Ерлајнс, а најатрактивни дестинации биле Цирих, Истанбул, Виена, Белград и Загреб.


TAV
Airports